ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# СТАНДАРД

# ЗА РАБОТА НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

# ВО ОБЛАСТА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Скопје, Јануари 2018

## Принципи

1. Родова перспектива и недискриминација;
2. Итност и должно внимание
3. Ефикасна заштита;
4. Почитување на интегритетот и достоинството
5. Одговорност и  професионалност во постапувањето
6. Должно внимание на правата, интересите и потребите на жртвата;
7. Тајност и  доверливост при размена на податоците;
8. Сигурност, безбедност на жртвата и избегнување на дополнителна виктимизација;
9. Доброволност, партиципативност и согласност на жртвите за  психо-социјална интервенција и третман
10. Координирано постапување

# СТАНДАРД

# ЗА ПОСТАПУВАЊЕ НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

# ПРИ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

***СТАНДАРД: Центарот за социјална работа има системи, капацитети и процедури за спроведување на постапките и активностите во заштита на жртвите од семејно насилство***

## Индикатори

1. Центарот за социјална работа има определено еден или повеќе стручни тимови (социјален работник, правник, педагог, психолог), кои се обучени и имаат континуирани обуки за работа со жртви на семејно насилство и давање на услуги за заштита од семејно насилство.

2. Центарот за социјална работа има обезбедено посебна просторија во која одговорните стручни работници реализираат стручна, советодавна и советувалишна работа со жртвите на семејно насилство;

3. Центарот ја информира жртвата за правата и услугите од областа на социјална заштита, за постапката, мерките и ресурсите за заштита од семејно насилства, за надлежностите на сите вклучени институции во системот, и тоа на јазикот кој жртвата го разбира.

4. Центарот за социјална работа по службена должност предлага привремени мерки на заштита до надлежниот суд секогаш кога како жртва се јавува дете (без оглед дали е директна или индиректна жртва), старо лице, лице кое не е во состојба да се грижи за себе и лице со ограничена или одземена деловна способност.

5. Центарот има формирано мултисекторски стручен тим, со определен претставник и номинирани претставници од полиција, здравство и здруженија, кои работат на семејно насилство.

## Контраиндикатори

1. Центарот за социјална работа нема определено тим од стручни работници (социјален работник, правник, педагог, психолог), обучени за работа и давање на услуги за заштита од семејно насилство.
2. Центарот за социјална работа нема обезбедено посебна просторија во која одговорните стручни работници реализираат стручна, советодавна и советувалишна работа со жртвите на семејно насилство;
3. Центарот при постапување со жртвата не ја информира за правата и услугите од областа на социјална заштита, за постапката, мерките и ресурсите за заштита од семејно насилства, и тоа на јазикот кој го разбира.
4. Центарот за социјална рабоза не предлага мерки до надлежниот суд по службена должност и покрај сознанијата дека како жртва се јавува дете (без оглед дали е директна или индиректна жртва), старо лице, лице кое не е во состојба да се грижи за себе и лице со ограничена или одземена деловна способност.
5. Центарот не покренал иницијатива за формирање на мултисекторски стручен тим и нема сознанија за номинирани претставници од полиција, здравство и здруженија, кои работат на семејно насилство на територијата за која е месно-надлежен.

# ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## 1) ПРИЈАВУВАЊЕ – УПАТУВАЊЕ

Пријавувањето - упатувањето на случај на семејно насилство може да биде:

- По службена должност од страна на ЦСР, МВР, здравствена, образовна и други институции и установи,
- Самоиницијативно, на барање на лицето-жртва на семејно насилство,
- По пријавување од НВО, друго физичко или правно лице.

За секое сознание или пријава за семејно насилство, физичките или правните лице се должни да го известат месно-надлежниот центар за социјална работа согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија“ бр.138/14, 33/15 и 150/15) и Протоколот за меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејното насилство (Службен весник на РМ, бр. 142/15).

### 1.1. Евиденција и документација

- *Пријава за сторено семејно насилство (или Иницијален лист)*

## 2) РАСПРЕДЕЛБА

По прием на пријава за семејно насилство, директорот/ раководителот на одделението го распределува предметот до одговорниот стручен работник.

Распределбата на предметот е итна.

### 2.1. Евиденција и документација

- *Лист за следење на активностите*

## 3) ИНИЦИЈАЛНА ПРОЦЕНКА

Постапката за иницијална проценка на потребите за заштита на жртвата на семејно насилство **е итна** и отпочнува со реализација **веднаш,** а најдоцна во рок од 24 часа и подразбира:

- Назначување одговорен / дежурен стручен работник за проценка на терен (доколку почетната проценка се врши во домот, во полиција, во здравствена или друга установа, а кога ќе се утврди дека е потребна неодложна интервенција за заштита на животот и здравјето на жртвата);
- Обезбедување интервенција во криза и психо-социјална поддршка, во функција на надминување на првичниот стрес и зачувување на интегритетот на личноста на жртвата;
- Проценка на видот и тежината на насилството, со цел утврдување на потребите од заштита на жртвата, се врши преку примена на ***Прашалникот за проценка на загрозеноста на животот и здравјето на жртвата, децата и членовите на семејството*** низ разговорот со жртвата.
- Информирање на жртвата за правата, мерките на заштита, принципите и постапките за остварување на истите, како и за достапните ресурси и услуги за помош и заштита;
- Подготовка на Безбедносен план, доколку е потребно;
- Свикување на Мултисекторски стручен тим, доколку е потребно;
- Помош во обезбедување на придружник на жртвата, доколку има потреба.

### 3.1. Евиденција и документација

- *Записници*
- *Согласност на жртвата за мерки за заштита*[1]
- *Прашалник за проценка на загрозеноста на животот и здравјето на жртвата, децата и членовите на семејството* [2]
- *Безбедносен план за помош на жртвата* [3]
- *Лист за следење на мерките за заштита од безбедносниот план за помош на жртвата* [4]

---

[1] Правилник за начинот на спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жртвата на семејно насилство преземени од ЦСР и за наќинот на следење на изречените привремени мерки за заштита

[2] исто

[3] исто

[4] исто

# 4. ДЕТАЛНА ПРОЦЕНКА

Проценката се врши преку:

- Индивидуален или тимски пристап во работа со жртвата, во зависност од видот, тежината, времетраењето, последиците од насилството, возраста на жртвата на семејно насилство (како и) со примена на методи, техники и инструменти за проценка, согласно добиените сознанија од обуките во рамките на континуираниот професионален развој;
- Вршење увид во семејната и социјалната средина на лицето – жртва;
- Повикување на лицето посочено како сторител на семејно насилство на разговор во ЦСР, заради потребите на постапката и запознавање на лицето со законската регулатива и последиците од натамошно вршење на семејно насилство;
- Прибавување на информации од полиција, здравствени, образовни и други установи/институции, невладин сектор, членови од семејната и социјалната средина на жртвата во функција на детална проценка на потребите, ризиците и ресурсите за помош и подршка;
- Деталната проценка се заокружува со изготвување на наод и мислење на стручен тим со заклучок за потребата од примена на мерки на помош и заштита, согледана од стручен аспект на сите стручни профили (социјален работник, психолог, педагог и правник);

## 4.1. Евиденција и документација

Податоците се внесуваат во соодветните обрасци за евиденција во хартиено и електронско досие:

- *Инструменти и техники за проценка*
- *Лист за лице – жртва на семејно насилство*
- *Лист за лице – сторител на семејно насилство*
- *Записник*
- *Лист за следење на работата со корисник*
- *Наод и мислење, со заклучок на стручен тим*

# 5) ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на проценетиот степен на ризик, потребите за заштита, согледаните потенцијали и ресурси за помош и поддршка дефинирани во наодот и мислењето на стручниот тим, се изготвува **План за индивидуална работа со корисник.** Во планот се содржани **активности** (*мерки за помош и заштита на жртвата во надлежност на ЦСР, како и предлог/зи на привремена/ни мерка/ии за заштита до Основен Суд, по потреба*), **со динамика, рокови, извршители** (*стручен тим, жртвата / членови на семејството, и соработници на ЦСР - членови на мултисекторскиот тим и/ или*

*други институции организации*), **согласно процедурите за раководење со предмет**.

Задолжително е вклучување на лицето – жртва во изготвувањето на планот и обезбедување согласност за активностите и мерките на заштита, согласно планот.

Сите страни кои имаат свој удел во реализацијата на активностите од Планот за индивидуална работа имаат примерок од Планот.

## 5.1. Евиденција и документација

- *План за индивидуална работа – третман на корисникот*
- *Согласност на жртвата за мерки за заштита*
- *Лист за следење на работата со корисникот*
- *Предлог за изречување привремена мерка за заштита*

# 6) РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНДИВИДУАЛНА РАБОТА СО КОРИСНИК

- ЦСР применува мерки за заштита на жртвите на семејно насилство, согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[5] и Законот за социјална заштита[6], при што приоритет се дава на вонинституционалните форми на заштита;
- Децата – жртви на семејно насилство (директни жртви или сведоци на насилство), се заштитуваат со примена на мерки за надзор над вршењето на родителското право (превентивни или репресивни, зависно од видот, тежината и последиците на насилството), како и со предлагање на привремени мерки за заштита пред Основниот Суд, спрема сторителот на семејно насилство;
- Стручните работници од ЦСР реализираат мерки за помош и заштита на жртвата (економско зајакнување на жртвата, упатување во Советувалиште за жртви на семејно насилство, здравствена установа, граѓанска организација, обезбедување на права од системот на социјална заштита и др. активности, согласно целите во планот за индивидуална работа), без оглед дали жртвата е згрижена во засолниште, згрижувачко семејство или со друга форма на заштита;
- Учество во судска расправа;
- Следење на привремените мерки за заштита од семејно насилство, согласно Програмата за следење на нивната реализација, како и предложување измени,

[5] Службен весник на Република Македонија“ бр.138/14, 33/15 и 150/15

[6] СлужбенвВесник на Република Македонија бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17

продолжување или престанок на привремените мерки за заштита, изречени од Основниот Суд;

- Изготвување извештај, на барање од Судот за текот на реализација на мерката / мерките;
- Подготвување кривична пријава против сторителот на семејно насилство за непочитување на судска одлука за изречена привремена мерка за заштита;
- Пријавување на сторител на семејно насилство во МВР, кога сторителот сторил дело, кое според Кривичниот Законик се дефинира како "*Кривично дело против животот и телото*" или "*Кривично дело против половата слобода и половиот морал*", од каде понатаму се покренува кривична постапка пред Основното јавно обвинителство;
- Кога сторителот на семејно насилство е малолетно лице–тогаш се постапува согласно Кривичниот Законик и Законот за правда за децата.

## 6.1. Евиденција и документација

- *Известување до МВР за сознание за поседување на оружје или за пристап на сторителот на семејно насилство до оружје;*
- *Предлог за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство до Основен Суд;*
- *Решение за сместување / продолжување на сместување / престанок на сместување во Центар за жртви на семејно насилство;*
- *Програма за следење на реализацијата на привремени мерки за заштита;*
- *Записник,*
- *Извештај од следењето на извршувањето на изречената привремена мерка до Суд, со предлог за: укинување / измена продолжување на некоја од ПМЗ.*
- *Кривична пријава против сторителот на семејно насилство за непочитување на судска одлука за изречена привремена мерка за заштита*.
- *Известување до Агенција за вработување на РМ / Надлежен Центар за вработување, за потребата за вклучување на лицата-жртви во активните мерки за вработување*

## 7) ЕВАЛУАЦИЈА И РЕВИЗИЈА

- Евалуацијата подразбира утврдување на ефикасноста и ефективноста на планираните мерки на помош и заштита, во рок определен со самиот план. Доколку преку евалуацијата се утврди дека активностите од планот не ги даваат посакуваните ефекти, се врши ревизија на планот со нови активности, извршители, рокови и динамика;

- Евалуацијата на активностите од Планот за индивидуална работата со жртвата се врши најмалку еднаш неделно во првите три месеци, а потоа по проценка на стручниот тим, минимум еднаш во месецот;
- Предметот ќе остане активен се додека корисникот е опфатен со некоја форма на заштита или услуга;
- Ревизија на планот за индивидуална работа се прави на состанок на стручниот тим и жртвата. Доколку се постигне согласност дека ризикот престанал или се намалил на прифатливо ниво, може да се одлучи предметот да се затвори. На состанокот, стручниот тим ја информира жртвата да контактира со ЦСР доколку во иднина се сменат околностите и се појави потреба за некои права и услуги во рамките на ЦСР;
- Одговорниот стручен работник изготвува записник за одлуките од состанокот за ревизија кој го доставува до сите присутни, а еден примерок става во досието на корисникот.

## 7.1. Евиденција и документација

- *План за индивидуална работа – третман со корисникот на социјална заштита (евалуиран и ревидиран, по потреба).*
- *Записник од работна средба за ревизија на Планот за индивидуална работа со корисник.*